Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на ден од дневни настани 30.07.2021

На 29.07.2021 во 13.40 часот во тетовско Спатино, полициски службеници од Полиционото одделение Тетиче го лишиле од слобода М.И.(27) од с.Спатино. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени еден пиштол, со рамка и со еден куршум и три куршуми непознат калибар. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.07.2021 во 06.45 часот, од страна на полициски службеници од Единицата за внатрешни работи-ОКР Кисела Вода, Отсек за потраги, во содејство со Специјалната антитерористичка единица, во угостителски објект во с.Арачиново, лишен е од слобода С.Ј.(43) од с.Арачиново. С.Ј. се барал по распишана меѓународна потерница и наредба издадена од Казнено-поправната установа Идризово, за доиздржување на казна затвор од 3 години 5 месеци и 8 дена. Тој бил осуден на затворска казна од вкупно 6 години и 6 месеци за меѓународна недозволена трговија со наркотици, во врска со чл.215 ст.3 од Кривичниот законик. С.Ј. ќе биде предаден во Казнено-поправната установа Идризово за доиздржување на казната.

На 29.07.2021 во 02.30 часот, од полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин Донво Блаце, од слобода бил лишен Ф.Ф.(39) од Косово, за кого била распишана меѓународна потерница од Интерпол-Белгија. Тој бил предаден во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

СВР Скопје – Полициска станица Центар ја расчисти кражбата што на 25.07.2021 била извршена над А.Г.(47) од Романија, при што била одземена поголема количина златен накит. Во врска со кражбата, извршен е службен разговор со А.М.(63) од Скопје и кај него биле пронајдени дел од украдените предмети, кои биле вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.07.2021 во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Трета македонска бригада" и ул.„Никола Карев" во Скопје, патничко возило удрило во велосипед, управуван од З.Т. од Скопје и го напуштило местото на незгодата. Велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 29.07.2021 во 21.55 часот на патот Куманово-Свети Николе, полициски службеници од Полициска станица Свети Николе го привеле В.Д.(50), поради тоа што не поседувал документи за идентификација и по неговото кажување е државјанин на Португалија, но поради нелегален престој бил протеран од Република Србија. Поради сторен прекршок по член 9 став 1 од Законот за гранична контрола, односно преминување на државната граница надвор од граничен премин и надвор од работното време на граничниот премин, тој бил задржан во Полициска станица Свети Николе, а за случајот бил известен Јавен обвинител.

На 29.07.2021 во 23.00 часот во Полициска станица Дебар бил задржан Д.Ѓ.(31) од Република Албанија. Тој бил приведен поради нелегален престој и активна мерка Забрана за влез во Република Северна Македонија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.07.2021 во 03.50 часот во Струга бил лишен од слобода и задржан во Полициска станица Струга Х.А.(35) од Р.Турција, поради основи на сомнение за извршено кривично дело „кражба" и непријавен престој во државата. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.07.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот, при што било констатирано дека 24 возачи управуваат возила со бразина поголема од дозволената, шест возачи управуваат возило без возачка дозвола, три возила биле со измината регистрација, осум возачи разговараше на мобилен телефон, 12 возачи управуваше возило под дејство на алкохол и биле исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 29/30.0.7.2021 во периодот од 21.00 до 02.00 часот на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа констатирани се 8 прекршоци по акциската контрола и 30 останати прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

Секторот за внатрешни работи Струмица во периодот од 21.00 часот на 29.07.2021 до 02.00 часот на 30.07.2021 преземе засилени мерки над учесниците во сообраќајот. Притоа, биле констатирани 18 прекршоци, од кои 8 сторени од возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол и за сите биле изречени соодветни санкции.

На 30.07.2021 во 00.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Илија Авдовиќ" во Скопје, патничко возило удрило во пешакот А.А.(79) од Скопје и го напуштило местото на незгодата. Пешакот се здобил со повреди, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде им подлегнал на повредите. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.07.2021 во 01.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат с.Сарај-с.Арнакија, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „шкода фабија", сопственост на МВР, а управувано од Р.Б.(27) од с.Арачиново, скопско и патничко возило „сеат ибица", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Ш.(42) од с.Арнакија. Во незгодата се тешки телесни повреди се здобиле двајата возачи, сопатничката В.Е.(41) и уште три малолетни сопатници од с.Арнакија, сите од возилото „сеат ибица", а со телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „шкода фабија", Ф.Ш.(31) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатото деноноќие (29.07/30.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 31 прекршок.

На 30.07.2021 во СВР Битола, Р.Ч (63) од с.Бистрица, битолско, пријави дека на ул. „Херцег Нови"во Битола бил каснат од куче скитник.

Одделението за внатрешни работи Радовиш до Основното јавно обвинителство Струмица, поднесе една кривична пријава за четворица државјани на Велика Британија, кои во периодот од август до декември 2020 година извршиле кривично дело „Компјутерска измама" по член 251-б став 3 од Кривичниот законик. Осомничените во повеќе наврати извршиле неовластен упад во електронската комуникација помеѓу правен субјект од Радовиш и правен субјект од Лондон и со менување и прекривање, односно пренасочување на компјутерски податоци доставиле лажни фактури на кои извршиле промена на сметката на која требало субјектот од Радовиш да изврши уплата . Врз основа на вака изготвени лажни фактури правниот субјект од Радовиш извршил 4 уплати на различни сметки во банки во Велика Британија, за кои преку меѓународна правна помош е утврдено дека се сопственост на четворицата осомничени од Велика Британија. Со стореното дело осомничените се стекнале со противправна имотна корист во висина од 15.006.000 денари, на штета на правниот субјект од Радовиш.

На 29/30.07.2021 во периодот од 20.00 до 02.00 часот полициски службеници од Полициската станица за безбедност на патиот сообраќај Штип спроведоа акциска контрола за прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли во сообраќајот. За време на акциската контрола констатирани биле 6 прекршоци. Одземени се 2 мопеди согласно чл.344 од ЗБСП. Санкционирани се и 18 останати прекршоци.

На 29.07.2021 во 18.45 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на ул.„Рудничка" во Кичево, патничко возило „ауди а3", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Д.Р.(43) од Битола, удрило во А.Ц.(22) од с.Пласница – Македонско Брод. Во незгодата А.Ц. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

Во периодот од 21.00 часот на 29.07.2021 до 02.00 часот на 30.07.2021 на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата биле регистрирани и санкционирани пет прекршоци, од кои три во Велес, еден во Кавадарци и еден во Неготино.

На 29.07.2021 во 09.40 часот во Полициската станица Винница, од Итната медицинска помош било пријавено дека кај нив за укажување лекарска помош бил донесен В.И.(60) од Винница, кој при работа во фирма во Винница се здобил со тешка телесна повреда. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Винница.

На 29.07.2021 во 21.40 часот во Полициската станица за граничен надзор Чашка било пријавено дека на место виканo „Чело", атар на с.Гречани, во близина на граничната линија со Косово, настанал пожар, при што гореле нискостебленста и дабова шума. Во 09.00 часот на 30.07.2021, пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

На 29.07.2021 околу 14.15 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив било донесено повредено женско лице. По излегување на местото полициски службеници констатирале дека повреденото лице е Р.Х.(39) од нас.Синделиќ. Во 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба Р.Х. пријавила дека околу 12.45 часот, поради нерасчистени имотно-правни односи, таа била физички нападната од Б.И. и Ѓ.Љ., кои биле во роднинска врска со нејзиниот сопруг. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.07.2021 околу 00.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на регионалниот пат с.Богомила - с.Стари Град, пред „Теовски мост", општина Чашка, А.М.(18) од с.Мартовци, општина Чашка, управувајќи мопед „лифан" со велешки регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата, А.М. се стекнал со тешки телесни повреди, а малолетен сопатник се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Велес. Увид на местото извршила екипа на СВР Велес.

На 30.07.2021, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода В.П.(20), Б.Н.(21), Д.П.(22), С.Н.(22), Т.Д.(22), К.А.(21), Б.Г.(21) и М.Н.(19), сите од Скопје, затоа што околу 22.45 часот во угостителски објект на ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин" оштетиле дел од инвентарот и физички го нападнале Г.М.(49) од Скопје. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.07.2021 во 13.50 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во с.Сенокос се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „тата", управувано од Д.П.(26) од Прилеп-с.Бело Поле и патничко возило „citroen", управувано од К.Б.(22) од с.Десово, двете со прилепски регистарски ознаки. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил К.Б., а со телесни повреди се здобиле Д.П. и сопатникот од патничкото возило И.К.(51) од с.Десово, констатирани во Градската општа болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 29.07.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во парк - шума „Водно", на место виканo „Марково крувче", настанал пожар во кој биле опожарени смрека, трева и борова шума. При увидот биле пронајдени и околу 15 саксии со стебла „канабис сатива" кои биле зафатени од пожарот. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.07.2021 во 04.15 часот во Полициското одделение Петровец, Х.А.(58) од Австрија, со времено престојувалиште во с.Ласкарци, пријавил дека во близина на хотел на автопатот Скопје-Куманово, две лица со закана им одземе пари на него и неговиот другар Х.Х.(41) од с.Ласкарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.07.2021 во 02.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Јордан Филиповски" настанал пожар во патничко возило „мицубиши спејстар", со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.С.(44) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поште: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет